8454

PRES-SERVIS

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD – Knez Mihailova 2/X – Pošt. fah 842

Tel. 621-578 – Žiro račun – Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

16. I. 1969

## КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК

**ОДГЛАСИ ЗА ИЗЛОЖБАТА НА МАКЕДОНСКАТА ГРАФИКА ВО СОЛИНГЕН, З. ГЕРМАНИЈА**

# ОТВОРЕНИ ВРАТИ ЗА БРИЛЈАНТНА ГРАФИКА

Пристигна првата ликовна рецензија за изложбата на графики од четворица македонски уметници што е отворена на 3 јануари во западногерманскиот град Золинген. Рецензијата се појави во дневниот весник „Золингер тагеблат", на 4 јануари а под неа и потпишан критичарот **Хелмут Шафер.**

Во уводот на рецензијата стои следново: **„Галеријата „Алферман" ги отвори своите врати во новата година со брилијантните графики од четворица македонски уметници, кои биле застапени на повеќе интернационални изложби, и стојат на високо уметничко ниво".**

Потоа, рецензентот Шафер се осврнува посебно врз експонатите на секој излагач. **За Тома Шијак,** меѓу другото, вели: **„Овие дела на Шијак со ништо не се помалку вредни од она што тој досега го излагал во светот. Во графиката го постигнува оној максимум што можевме да го видиме во неговите мусандри".** По опишувањето техниката на Шијак, рецензентот заклучува: **„Големите обоени ѓуминьа како месечени се компонирани горе и долу, поврзани со антени. Убавите шатирања се вдлабнати во материјалот, и сигурно тој атрибут го создава убавиот ефект".**

Графичките листови на **Драгутин Аврамовски — Гуте,** рецензентот ги формулира на следниов начин: **„Етидите од Аврамовски се во компликувана поставеност со повеќе тенденции и техники, со кафеави, темни и светли нијанси. Тие секогаш имаат сликарска асоцијација".**

За скулпторот **Петар Хаџи Бошков,** кој во последно време почна да работи монотипии со кои е застапен на оваа изложба е напишано:

**„Хаџи Бошков има златно — кафеави графички листови, кои се диференцираат на темно грундираниот фон. Тие нешто кажуваат за проблемот на микрокосмосот".**

Во натамошното рецензирање Хелмут Шафер пишува дека графиката на четворицата обилува со фолклорни елементи, но акцентот на фолколорноста го носи четвртиот излагач **Божин Барутовски,** кој единствен од овие се занимава само со графика. **„Неговите графики,** пишува Шафер, **се често болни визии од војната. Болките овој графичар ги манифестира преку главите на фигурите, преку очите и изразот."**

На крајот рецензентот прави општ осврт за четворицата и заклучува дека кај нив е присутен секогаш еден словенски правец и словенска фантастика.

**Рецензијата е илустрирана со репродукции од Шијак, Аврамовски и Барутовски.**

**Истиот ден и весникот „Рајнише пост" донесува четири репродукции од изложбата на македонската графика во Золинген.**

**П. Г.**